РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

УП1 Број: / Numer: 02-132

10.07.2026 година / viti

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22, член 20 став 1 алинеја 10[1] и член 24 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), а во врска со член 41 од истиот закон, член 39 ставови 2 и 3 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), член 15 став 1 алинеја 23, член 41 став 1 алинеја 8 и член 60 став 4 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-3632/1 од 22.8.2025 г., постапувајќи по Известувањето за промена на сопственичката структура на Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип Уп1 бр.02-132 од 13.5.2026 г., а согласно Заклучокот арх.бр.02-2697/2 од 9.7.2026 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 25. седница одржана на 9.7.2026 година, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

### за отфрлање на Известувањето за промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип

1. СЕ ОТФРЛА Известувањето за промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип Уп1 бр.02-132 од 13.5.2026 г., поради тоа што е нецелосно и нејасно, односно не содржи точни, целосни и меѓусебно усогласени податоци од надлежните јавни регистри, за да може да се пристапи кон понатамошно одлучување.

2. Решението се објавува на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Ова Решение е конечно.

### О б р а з л о ж е н и е

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) на 13.5.2026 г., ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип достави Известување за промена на сопственичката структура (наш бр. УП1 02-132 од 13.5.2026 г.), со прилог Тековна состојба за радиодифузерот, издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија (ЦРРСМ) на 12.5.2026 г. Според податоците содржани во Тековната состојба, се утврди дека единствен сопственик на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип е правното лице КОМНЕТ 328 ДОО Белград, со седиште на ул. „Владимир Поповиќ“ бр. 28-9, Белград, Република Србија.

Во текот на постапката, Агенцијата изврши увид во јавно достапните податоци од регистарот што го води Агенцијата за стопански регистри на Република Србија (АСРРС), каде што е регистрирано ова правно лице, при што беше утврдено дека: на 13.2.2026 г., над правното лице КОМНЕТ 328 ДОО Белград била поведена постапка за принудна ликвидација и дека истиот ден (13.2.2026 г.), бил објавен оглас за принудна ликвидација на истото правно лице, а на 27.4.2026 година било донесено Решение за отфрлање на пријавата што КОМНЕТ 328 ДОО Белград ја поднело на 24.4.2026 г., а која се однесувала на промена на „личните податоци на регистрираните лица“.

Со цел целосно утврдување на фактичката состојба и обезбедување на сите податоци неопходни за законито, правилно и објективно постапување по доставеното Известување, а врз основа на член 41 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), Агенцијата го продолжи рокот за постапување за дополнителни 30 дена, за што со допис бр.02-132 од 8.6.2026 г., беше известен радиодифузерот - ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип.

Агенцијата, на 11.6.2026 г., побара од радиодифузерот да достави информација за фазата на постапката за принудна ликвидација на правното лице „КОМНЕТ 328 ДОО Белград – ВО ПРИНУДНА ЛИКВИДАЦИЈА“, како и информација за лицето назначено за ликвидатор. За наведеното, ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, на 24.6.2026 г., достави документ – „Извод за регистрација на трговски субјект“, издаден од

---

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18).

АСРРС, од кој произлегува дека целосниот назив на правното лице е КОМНЕТ 328 ДОО Белград – ВО ПРИНУДНА ЛИКВИДАЦИЈА, како и дека негов законски (статутарен) застапник е физичкото лице Зоран Киш. Сепак, радиодифузерот и во дополнително дадениот рок од страна на Агенцијата, не го дополни и измени поднесеното Известување за промена на сопственичката структура на начин што ќе достави уредна документација со точни, целосни и меѓусебно усогласени податоци од надлежните јавни регистри.

Од изнесеното неспорно произлегува дека документацијата врз основа на која е поднесено Известувањето не ја одразува актуелната фактичка состојба што постоела во моментот на неговото поднесување. Имено, Известувањето е доставено до Агенцијата на 13.5.2026 г., односно речиси три месеци по поведувањето на постапката за принудна ликвидација над правното лице КОМНЕТ 328 ДОО Белград во Република Србија.

Од официјалните податоци на АСРРС произлегува дека во моментот на поднесувањето на Известувањето, правното лице веќе било регистрирано под називот „КОМНЕТ 328 ДОО Белград – ВО ПРИНУДНА ЛИКВИДАЦИЈА“, односно дека промената на неговиот правен статус веќе била евидентирана во надлежниот јавен регистар. Наспроти тоа, Тековната состојба издадена од ЦРРСМ, која беше приложена кон Известувањето, го евидентира правното лице под неговиот претходен назив, без назнаката дека над него е поведена постапка за принудна ликвидација.

Оттука, се утврди дека податоците содржани во документацијата доставена со Известувањето, не кореспондираат со податоците содржани во АСРРС, како држава во која е регистриран носителот на сопственичкиот удел, поради тоа што ознаката „во принудна ликвидација“ не претставува само формална или техничка разлика во називот на правното лице, туку укажува на променет правен статус на субјектот што е релевантно за пристапување кон одлучувањето.

Имајќи предвид дека согласно член 41 од ЗАВМУ, постапката на донесување одлука со која ќе се дозволи или забрани спроведување на промена на сопственичката структура треба да се спроведува врз основа на точни, целосни и меѓусебно усогласени податоци, а согласно член 39 став 2 од Законот за општата управна постапка, поднесокот треба да биде доволно јасен за да му овозможи на јавниот орган да го преземе бараното дејствие, а во конкретниот случај, поднесеното Известување не обезбедува таква фактичка основа, Советот на Агенцијата на 25 седница одржана на 9.7.2026 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-2697/2 од 9.7.2026 г. донесе решение како во диспозитивот. Решението е конечно, а против истото може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на неговиот прием. Решението ќе се објави на веб страницата на Агенцијата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**

**Правна поука:** Ова решение е конечно, а против истото може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Примерок од Решението да се достави до:**
- подносителот на Известувањето - ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;
- Управителот на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;
- Директорот на Агенцијата;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – Архива на Агенцијата и
- Назначеното лице за водење на Уписникот (Уп1).